# Годишен извештај 2024

МЦМС



# Македонски центар за меѓународна соработка

МЦМС

Никола Парапунов 41а
п. фах 55, 1060 Скопје

mcms@mcms.mk
www.mcms.mk

www.fb.me/mcms.mk
twitter.com/mcms_mk

## Визија и мисија

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е организација на граѓанското општество што верува во мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално.

МЦМС ја заснова визијата на универзалните принципи на граѓанското општество и партиципативна демократија, владеење на правото, рамномерен и одржлив социоекономски развој, ненасилство, почит и меѓузависност и културна разноличност.

Мисијата на МЦМС е да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите актери и кои се вклучуваат во главните текови.

## Цели на МЦМС

Долгорочни цели на МЦМС се:

- Вкоренето и влијателно граѓанско општество
- Добро владеење и борба против корупцијата;
- Социјална инклузија и кохезија;
- Поддржан процес на евроинтеграција;
- Подготвеност за одговор на итни општествени предизвици;
- Поддршка за реализација на зелена агенда во Западен Балкан;
- МЦМС, независна и организација со кредибилитет – препознатлив поврзувач;
- МЦМС, атрактивна и иновативна организација.

## Активности и методи

МЦМС **активностите** ги остварува преку:

- Финансиска поддршка (грантови)
- Застапување (информирање, градење свест, едукација, креирање и влијание на политики, следење и барање одговорност);
- Развојна поддршка (капацитети и инфраструктура);
- Социјално- хуманитарна поддршка.

Организациските **методи** се раководење и спроведување.

# Порака од раководството

Оваа 2024 година во светот ја одбележаа рекордниот број на избори, вклучително и најзначајните, во САД и во Европската Унија. Сето тоа се одвиваше во светло и на актуелните најголеми воени конфликти во Украина и во појасот Газа на Блискиот Исток. Изборите во повеќето случаи (вклучително и споменатите две најзначајни) донесоа видливо свртување кон десно (а во некои случаи и крајно десно), освен во Велика Британија, каде по 14 години на власт десничарската (Ториевска) партија загуби од Лабуристите.

Војните во Украина и Газа продолжија без особени промени на теренот, но по висока цена во човечки животи и материјални штети. Како да и таму се очекуваше исходот на изборите во САД, за да се види во која насока ќе се одвиваат борбите и дали и какво решение е можно. Со оглед на победата на Доналд Трамп и неговите изјави за брзо решавање на конфликтите, има надеж за запирање на воените дејствија во текот на 2025 година.

И во Македонија годината помина во знакот на Претседателските и Парламентарните избори во мај. По седум (односно пет во случајот на Претседател) години, на власт повторно дојде ВМРО-ДПМНЕ. СДСМ го забележа најлошиот резултат во историјата (со само 18 освоени пратенички места), што се припишува на изневерувањето на борбата против корупцијата (и слоганот од Шарената револуција „нема правда, нема мир“), како и катастрофалното водење на преговорите со Бугарија кои доведоа до т.н. Француски предлог (иако со желба и намера тоа да биде решение за надминување на блокадата од Бугарија). Битен исход од изборите беше и заминувањето на ДУИ во опозиција, прв пат од 2008 година.

За МЦМС, ова беше година на консолидација на програмите, од кои четири започнаа претходната (2023) година – две на почетокот: Регионална мрежа за антикорупција (РМА) и Граѓански ресурсен центар (ГРЦ) и две во април: Цивика мобилитас (ПЦМ) и Граѓаните против корупцијата (ГПК). Се продолжија и програмите/проектите во доменот на Социјална инклузија и кохезија: Ресоцијализација и реинтеграција на повратниците (РРП), а се започна и една нова програма: Родова еднаквост во спортот (РЕС).

МЦМС имаше портфолио од вкупно 28 проекти, од кои осум нови. Се забележаа и рекордни приходи за последните 20 години од околу 230 милиони денари (речиси 4 милиони евра) и реализација на програмите во износ од околу 3 милиони евра.

Најголем дел од планираните активности беа спроведени, а сите големи програми имаат уште две години на спроведување, што дава одредена стабилност и за наредната 2025 година. Ова не е случај со програмата ГПК, која во меѓувреме беше прекината (терминирана), согласно политиката на новиот претседател на САД.

Тоа МЦМС планира да го искористи за „стегнување“ на системите и процедурите, почнувајќи со измени во Статутот и на организацијата, а во функција на нивно усогласување со законските измени, промените во контекстот, барањата на донаторите, новите стандарди во работењето, но и поедноставување и дигитализирање.

Стабилноста овозможува и осигурено финансирање за персонал од 25 (или нешто повеќе) лица, што треба да овозможи натамошна стабилизација и на тоа поле и засилен развој на постоечките човечки ресурси. Предизвик станува и нивото на платите, кое станува недоволно конкурентно со дел од другите организации во секторот, а и со приватниот сектор, па дел од напорите за внатрешно реструктурирање ќе бидат и во таа насока.



**Александар Кржаловски, Директор**

# Програма за поддршка на граѓанското општество „Цивика мобилитас“

## Цел на програмата

Постигнување општествени промени во Македонија кои се поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување на централно и на локално ниво.




- 18 АКТИВНИ ГРАНТОВИ ЗА 70 ОРГАНИЗАЦИИ
- 9 ИНФОРМАТИВНИ СЕСИИ ЗА ОКОЛУ 115 УЧЕСНИЦИ
- 2 РАБОТИЛНИЦИ ЗА КОМУНИКАЦИИТЕ ЗА 71 ПРЕТСТАВНИК НА 65 ОРГАНИЗАЦИИ
- 2 НАСТАНИ ЗА НАД 280 УЧЕСНИЦИ ОД 224 ОРГАНИЗАЦИИ
- 2 ОБУКИ ЗА 55 ПРЕТСТАВНИЦИ НА 28 ОРГАНИЗАЦИИ
- ОБЈАВЕНИ НАД 400 ИНФОРМАЦИИ ОД ПРОГРАМАТА И ГРАНТИСТИТЕ
- ОБЈАВЕНИ 3 БРОЈА НА МАГАЗИНОТ „ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА“



# Позитивните општествени промени се можни преку соработката на Владата и граѓанските организации

Цивика мобилитас, во ноември го одржа својот годишен настан, оваа година во соработка со Владата на Република Северна Македонија и со заеднички наслов - Годишна конференција на граѓански организации „Соработка помеѓу Владата и граѓанското општество“ - Национален форум на Цивика мобилитас.

Амбасадорката на Швајцарија, Н.Е. Вероник Улман ја истакна поддршката на Владата на Швајцарија за граѓанското општество и рече дека покрај постигнувањата, остануваат уште предизвици како што се „поларизацијата на општеството, политизацијата на граѓанските организации, финансиската ранливост, недостатокот на транспарентност и недоверба меѓу државата и граѓанското општество“. Премиерот на Владата на РСМ Христијан Мицкоски е убеден во дијалогот со граѓанските организации и порача: „отворени сме заедно да работиме со граѓанскиот сектор и да најдеме заеднички решенија на реални проблеми“.

Неколку претставници на граѓанските организации ги пренесоа прашањата од нивните колеги до генералниот секретар на Владата, Игор Јанушев кои се однесуваа на продолжување на поддршката за 8000 граѓани кои се дел од програмите за скрининг и заштита од ХИВ и други крвно и сексуално преносливи инфекции, на државното финансирање употребата на ресурсите на државата, особен државните објекти од страна на граѓанските организации. „Сигурен сум дека Владата нема да остави 8000 луѓе на улица“, рече Јанушев одговарајќи на прашањето за програмите за ХИВ. Тој најави и дека приврршува подготовката на Регистарот на недвижен имот, а во врска со државното финансирање истакна дека треба, заедно со граѓанските организации, да го најдат вистинскиот начин и механизам за транспарентно доделување на средствата.

Весна Јаневска, Министерката за образование и наука истакна дека во подготовката на законите биле вклучени ГО, и голем дел од нивните забелешки биле земени предвид. Во дијалогот за животната средина, првиот заменик на претседателот на Владата и Министер за животна средина и просторно планирање Изет Меџити истакна дека оваа Влада има поинаков пристап, „не е важно од која партија е водена општината, ние се фокусираме на граѓаните“, рече тој и ги покани граѓанските организации кои придонесуваат за подобра животната средина да се вклучат во директно партнерство засновано на идеи.

Одговарајќи на прашањата на Шуип Марку, од Центарот за одржлив развој на заедницата од Дебар за поддршката на општините кон граѓанските организации, министерот за локална самоуправа Златко Перински истакна дека е време градоначалниците да разберат дека политиките кои ги креираат треба да бидат во согласност со потребите на граѓаните. „Ова сакаме да го направиме заедно со ГО. Добро е самите локални самоуправи да ја зголемат транспарентноста кон граѓаните за да ги одбегнат можностите за шпекулации“, додаде тој.

„Ние, граѓанските организации гледаме можност за раст и развој преку дигитализацијата“, рече Данче Даниловска Бајдевска од „Метаморфозис“ зборувајќи со министерот за дигитална трансформација, Стефан Андоновски. Според него, експертизата која недостасува во министерството, треба да дојде од граѓанското општество особено кај специфичните области. „ГО треба да бидат мост меѓу институциите и граѓаните“ рече тој и додаде дека гледаат на граѓанското општество како на добар критичар кој ги воочува недостатоците и нуди решенија.

Националниот форум на Цивика мобилитас собра на едно место над 200 претставници на граѓанските организации од земјава. Владата нејзината посветеност ја покажа со учеството на премиерот, генералниот секретар и петмина министри. Се надеваме дека ова е добар почеток за идната соработка која ќе води кон позитивните општествени промени.

# Граѓански ресурсен центар

## Цел на програмата

Зголемен капацитет и отпорност на ГО да бидат компетентни, ефективни и отчетни независни актери и околина која е погодна за граѓанското општество.

Вкоренето и влијателно граѓанско општество




20 ДЕБАТИ, ИНФОРМАТИВНИ СЕСИИ И КОНСУЛТАЦИИ ЗА 536 УЧЕСНИК

6 РАБОТИЛНИЦИ ЗА 141 УЧЕСНИК

26 МЕНТОРСКИ СЕСИИ ЗА 23 ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

3 НОВИ БЕСПЛАТНИ ОБУКИ НА ГРЦ АКАДЕМИЈАТА (ОНЛАЈН) ПРОСЛЕДЕНИ ОД ПОВЕЌЕ ОД 200 ГРАЃАНИ

9 ПОСЕТИ НА МОБИЛНИОТ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР НА КОИ ПРИСУСТВУВАА 144 ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ГРАЃАНИ

200 ИНФОРМАЦИИ ИСПРАТЕНИ ДО ПОВЕЌЕ ОД 9000 Е-МАИЛ АДРЕСИ

ПОДГОТВЕНА ОНЛАЈН АЛАТКА ЗА ПРОМОЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА ГО




# Силна волја за зајакнување на соработката меѓу Владата и граѓанското општество

„Граѓанските организации се гласот на народот, каналот преку кој граѓаните ги изразуваат своите потреби, идеи и визии. Но, за да може овој глас да биде доволно силен и влијателен, потребна е поддршка, разбирање и координирана соработка со државните институции.

Приоритет на Владата, во периодот 2024-2028, е поддршка на инклузивен, независен и професионален граѓански сектор, кој е партнер на институциите во креирањето и реализацијата на стратешките цели на државата“ изјави Игор Јанушев, Генерален секретар на Владата на дебатата на тема „Зајакнување на соработката меѓу Владата и граѓанското општество“ што се одржа во септември во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар. Тој најави и формирање на гарантен фонд за кофинансирање на проектите на граѓанските организации, мерка која што е предвидена во Програмата на Владата.

„Последниот извештај на Европската комисија за напредокот на земјата ја истакна континуираната важност на граѓанското општество во процесите на донесување одлуки и следење на државните активности и ја истакна потребата од подобрена транспарентност во креирањето политики и поинклузивни процеси на консултации“ – рече Бен Нупнау, Заменик шеф на Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија. Тој истакна дека на граѓанското општество му е потребна стратешка, долгорочна и прилагодена поддршка за ефективно да придонесе кон пристапните процеси на државата.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска, раководител на Секторот за анализа на политиките и координација во Генералниот секретаријат на Владата се осврна за степенот на спроведување на актуелната, четврта Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024, која треба да обезбеди поттикнувачка и одржлива околина за непречено функционирање и независно делување на граѓанските организации.

Зоран Илиески како поранешен член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество истакна дека Советот не функционираше соодветно бидејќи не комуницираше со своите конституенти и дека е потребна итна измена на Одлуката за формирање на Советот за да се надминат увидените проблеми.

Според Валентина Величковска од Граѓанскиот ресурсен центар, во следниот период фокус треба да се даде на носење на Законот за здруженија и фондации, Законот за волонтерство, Законот за социјални претпријатија и Законот за донации и спонзорство во јавните дејности. Покрај тоа, Кодексот на добри практики за финансирање на здруженија и фондации како и Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики треба да се трансформираат во задолжителни подзаконски акти.

Беше отворено и прашањето на обезбедување поддршка на граѓанските организации на локално ниво, од изготвување локални стратегии за соработка и развој на граѓанското општество, зголемена и транспарентна финансиска поддршка на локално ниво како и јакнење на нивните организациски капацитети преку различни проекти финансирани од Европската Унија.

По оваа дебата, Владата и граѓанските организации направија измена на Одлуката за формирање на Советот и ги отпочнаа консултациите за следната Стратегија за соработка со и развој на граѓанското општество.

# Регионална мрежа за антикорупција [СЕЛДИ]

## Цел на програмата

Зајакнување на партиципативната демократија и процесот за доближување кон ЕУ, преку консолидирање и зајакнување на влијанието на активностите на граѓанското општество во креирањето политики и реформските процеси во регионот на Западен Балкан во областа на борба против корупција, владеење на правото и доброто владеење.



ОБЈАВЕН РЕГИОНАЛНИОТ АНТИКОРУПЦИСКИ ИЗВЕШТАЈ

1 РЕГИОНАЛЕН ФОРУМ ЗА АНТИКОРУПЦИЈА ЗА 75 УЧЕСНИЦИ

6 ИЗДАНИЈА НА Е-БИЛТЕНОТ НА СЕЛДИ

1 ИНФО СЕСИЈА ЗА 70 УЧЕСНИЦИ



# Антикорупциски форум во Тирана: Западен Балкан во фокусот на ЕУ интеграциите и борбата против корупцијата

Мрежата за лидерство и интегритет во Југоисточна Европа (СЕЛДИ), во октомври, во Тирана, го организираше Регионалниот форум за добро владеење и антикорупциски политики: Справување со корупцијата и заробената држава – напредок во процесот на пристапување на земјите од Западен Балкан во Европската Унија.

Целите и дискусиите на форумот беа амбициозни, насочени кон решавање на критични прашања.

И покрај некои подобрувања, како што е благо зголемување на довербата на јавноста во владеењето на правото, корупцијата останува длабоко вкоренета во земјите од Западен Балкан.

Владите во регионот сè уште се соочуваат со тешкотии во зајакнувањето на капацитетите и независноста на своите антикорупциски тела, додека влијанието на корупцијата ги поткопува нивните напори. Регионалната нестабилност и геополитичките случувања дополнително ја зајакнуваат корупцијата правејќи ја потешка за справување.

Регионалниот форум овозможи платформа за разгледување на најдобрите практики во борбата против корупцијата и ја нагласи потребата за соработка меѓу граѓанските организации, органите за спроведување на законот, бизнисите и меѓународните донатори.

Главната точка на дискусијата беше порастот на сложените форми на корупција, како што се трговија со влијание, измами во јавни набавки и перење пари, што претставуваат транснационални феномени кои бараат координиран регионален одговор.

На форумот свои обраќања имаа претставници на Европската комисија, ЕУ Амбасадорот во Тирана, претставници на државни институции, како и претставници на антикорупциски агенции и граѓански организации од регионот.

Валентира Суперти, Директор од Генералниот директорат на Европската комисија за соседство и преговори за проширување (ДГ НЕАР) ја потенцираше важноста за примена на пристапот заснован на заслуги во моментот на пристапување кон ЕУ. Европската комисија останува доследна во заложбите за владеење на правото како основни и најважни во целиот процес на ЕУ интеграции на земјите од регионот.

Форумот се фокусираше на зајакнување на улогата на граѓанските организации во застапувањето на доброто владеење и во следење на работата на институциите.

Соработката меѓу граѓанските организации и останатите актери е од суштинско значење за зголемување на транспарентноста, споделување на искуства и знаење, и заедничка борба против корупцијата.

Учесниците ја потенцираа важноста на вклучувањето на граѓанското општество во откривањето на коруптивни практики, во зголемување на јавната свест и во учеството во процесите на креирање на политики.

# Граѓаните против корупцијата

## Цел на програмата

Да се зголеми ангажманот и соработката на граѓаните, граѓанското општество, медиумите и приватниот сектор во борбата против корупцијата, што ќе доведе до подобрување на владината реакција и ефективност во справувањето со корупцијата во сите сектори на национално и локално ниво.




- ОРГАНИЗИРАНИ ДВА АНТИ-КОРУПЦИСКИ КАРАВАНИ ВО 6 ГРАДОВИ НА КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ НАД 1100 ГРАЃАНИ
- ПОДГОТВЕНИ И ОБЈАВЕНИ 6 ИНФОГРАФИЦИ
- ПОДГОТВЕНА И ОБЈАВЕНА 1 УСПЕШНА ВИДЕО ПРИКАЗНА
- ДОДЕЛЕНИ 5 ГРАНТОВИ ЗА БРЗ ОДГОВОР
- ДОДЕЛЕНИ 12 ГРАНТОВИ ЗА ГРАЃАНСКА ВКЛУЧЕНОСТ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА
- 2 РАБОТИЛНИЦИ ЗА 48 УЧЕСНИЦИ
- 1 РАБОТИЛНИЦА ЗА ОКОЛУ 100 УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ




# „Антикорупциски караван“ во Битола и Прилеп

Караванот започна од плоштадот „Магнолија“ во Битола, каде преку директни разговори ги информираа граѓаните за значењето на борбата против корупцијата.

Над 100 граѓани на Антикорупцискиот караван имаа прилика да се информираат за можностите за пријавување корупција и да разговараат директно со претставниците на Државната комисија за спречување на корупцијата, Управата за финансиска полиција и претставниците на Општина Битола.

Целта на овие неформални разговори беше да се доближи работата и надлежностите на институциите кон граѓаните и нивните потреби и предизвиците со кои се соочуваат.

„Ние сме тука да ве подржиме Вас граѓаните во борбата против корупцијата бидејќи разочарувачки е да се види дека има неисполнети ветувања кон децата и вас граѓаните“ рече Џери Дајбл, директорката на УСАИД во Република Северна Македонија.

Заменик претседателот на Владата за добро владеење г. Арбен Фетаи истакна дека граѓанската активност и заедничкиот напор можат да доведат до значителни промени во културата и структурите на управување и дека граѓаните мораат активно да се вклучат и да се залагаат за антикорупциските реформи и за транспарентност во управувањето.

Претставниците од институциите прошетаа низ градот и одблиску се запознаа со некои од сомнителните случаи со корупција со кои битолчани секојдневно се соочуваат.

На присутните им се обрати и претседателката на Државната комисија за спречување на корупцијата, Татјана Димитровска, која изјави дека правдата и чесноста не се само зборови, туку се принципи по кои треба да делуваме сите заеднички.

Директорот на Управата за финансиска полиција, Слободан Ивановски, ја најави реформата за внатрешна контрола во системот на работење на управата со цел да се избегнат субјективните влијанија.

Прилепчани отворено и гласно дискутираа за предизвиците со корупцијата „Не можеме никаде да завршиме работа без мито“, велат тие. Голем број граѓани го посетија штандот на програмата пред „Саат кулата“, ги пренесоа своите ставови и поставуваа прашања за борбата со корупцијата и како тие може да се вклучат.

Повеќе од 20 пријави/дискусии за конкретни случаи поврзани со ризици од корупција, непотизам и судир на интереси беа пренесени до претставниците на институциите. Граѓаните добија јасни насоки како да пристапат, каде да се обратат во врска со нивните случаи, а воедно добија контакти за процесирање на нивните прашања.

Во Битола и во Прилеп беше презентирана новата алатка „Реагирај“ на Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ и чекорите за нејзино користење. Претставниците на Центарот за граѓански комуникации ги информираа посетителите во Битола за студиите на случаи кои ја вклучуваат изградбата на затворениот базен во градот, кружниот тек кај „Ветеринарното“ и хоризонталната сигнализација на улиците.

Пред граѓаните на Прилеп тие го презентираа граѓанскиот надзор над јавните набавки и им укажаа на нивните права како граѓани дека треба да бидат вклучени во социо-економскиот развој на нивната општина.

Секој разговор, секоја акција и пријава води поблиску до целта, а тоа е општество без корупција!

# Пат кон отпорност и реинтеграција на ранливите семејства во заедницата

## Цел на програмата

Иницирање целовити пристапи за одржлива реинтеграција на ранливите семејства (вклучувајќи ги и оние со повратници) во Северна Македонија



2 РЕГИОНАЛНИ НАСТАНИ ЗА НАД 70 УЧЕСНИЦИ

2 ОБУКИ ЗА НКСНЕБПТ ЗА 41 УЧЕСНИК И 1 ОБУКА ЗА НОВИНАРИ

115 ПСИХО-СОЦИЈАЛНИ СОВЕТУВАЊА ЗА ПЕТ СЕМЕЈСТВА

4 ОБУКИ ЗА ВЕШТИНИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВАТА

23 АКЦИИ ЗА ПРИСТАП ДО СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

3 НАСТАНИ ВО ЗАЕДНИЦАТА ЗА 200 УЧЕСНИЦИ

11 ИНФОГРАФИЦИ И 5 НОВИНАРСКИ СТОРИИ




# Постигнувањата ги исцртуваат идните патеки во СНЕ и РРР

„Македонското општество треба постојано да ја зајакнува отпорноста на насилниот екстремизам и тероризмот, а за тоа е потребна соработка и координација на сите засегнати страни, и тоа не само на национално ниво туку и пошироко, затоа што овие феномени не застануваат на националните граници“, рече Златко Апостолоски, Националниот координатор за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБТ) во обраќањето на регионалниот форум „Постигнувањата ги исцртуваат идните патеки во СНЕ и РРР“.

На форумот што го организираше МЦМС во јуни, во Скопје зборуваа претставници на институциите и на граѓанските организации од Северна Македонија, Косово и Албанија.

„Потребна е поддршка и емпатија кон лицата со кои работиме. Таа создава доверба што потоа го олеснува процесот на психолошко советување и овозможува подобри резултати за корисникот“, рече Мерал Мусли Тајроска, психолог од Плиадес зборувајќи за придобивките од психосоцијалната поддршка на странските терористички борци повратници и членовите на нивните семејства.

Зборувајќи за децата и адолесцентите со кои работел, Мехмет Дуришти, специјалист за ментално здравје од Тер де Хом (Terre des Homes) од Албанија рече дека дел од нив сега се вработени, „тоа не би било можно без претходна психо-социјална поддршка“, истакна тој и додаде дека потребите на корисниците се менуваат со нивната возраст и затоа е потребно да се прават нови проценки.

Што се однесува на жените повратнички, еден од предизвиците е вработувањето. „Некои од проблемите од религиска природа, особено типот на работа и локацијата, но исто така и должината на работното време затоа што се самохрани мајки кои треба да се грижат за нивните многудетни семејства“, рече Лорена Чела, психолог од Тирана.

Сите тројца се согласија дека процесите на ресоцијализација, рехабилитација и реинтеграција се долготрајни, но психолошките советувања даваат резултати.

Ребека Кена од Фондот за развој на заедницата од Косово истакна дека „економската терапија“ придонела за подобрување на психолошката состојба на жените, а им помогнала и за подобрување на комуникацијата со децата. „Економското зајакнување не е само средство за постигнување на целта, туку трансформативен процес кој го враќа достоинството, негува независност и негува издржливост меѓу оние кои ги издржале најтешките неволји“, рече Синди Шаху од Линијата за поддршка на жени и деца од Албанија.

За соработката и координацијата зборуваа координаторите за насилен екстремизам и борба против тероризам на Северна Македонија, Косово и Албанија. Тие истакнаа дека и покрај постигнувањата, предизвиците не престануваат.

Државите мора да продолжат со спроведување на ефикасни мерки за спречување на насилниот екстремизам и одговорно да се справуваат со онлајн радикализацијата и социо-економските услови кои можат да придонесат за раст на екстремизмот.

„Рано е да се извлечат дефинитивни заклучоци, но потребно е постојано набљудување и оценка на ефикасноста на програмите за реинтеграција“, рече Веса Кељменди, регионален советник на ГЦЕРФ. Според неа, земјите од Западен Балкан стануваат пример за другите земји во Европа со нивните добри практики во спречувањето и борбата против насилниот екстремизам во регионот.

# Родова еднаквост во спортот

## Цел на програмата

Подобрување на родовата еднаквост во спорот преку сеопфатно застапување и трансформација на политиките



ПОДГОТВЕНО ИСТРАЖУВАЊЕТО „РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ИНКЛУЗИВНОСТ ВО СПОРТОТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“

3 РАБОТИЛНИЦИ НА ТЕМА РОДОВО-БАЗИРАНА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО СПОРТОТ ЗА 44 УЧЕСНИЦИ




# Обединети за поголемо вклучување на жените во спортот

Македонскиот центар за меѓународна соработка организираше три работилници посветени на родовата еднаквост во спортот. Настаните беа фокусирани на подигање на свесноста за родовата дискриминација и создавање стратегии за поддршка на еднакви можности за жените и мажите во спортските активности на националните спортски федерации и спортските клубови во Северна Македонија.

Претставниците на федерациите и спортските клубови (раководни лица и спортисти) добија знаење како успешно да ја детектираат и превенираат дискриминацијата и достапните правни средства за заштита од неа со посебен осврт на дискриминацијата во спортот.

Спортот е област каде родовите стереотипи се длабоко вкоренети. Жените и девојките редовно се соочуваат со бариери како што се ограничен пристап до спортска инфраструктура, недостаток на позитивни примери и нееднаква распределба на материјалните и нематеријалните ресурси.

Исто така, женските спортски активности често се помалку медиумски застапени, што води до минимизирање на нивните постигнувања и обесхрабрување тие да се вклучат и/или продолжат со спортската кариера.

На овие три работилници учесниците ги истражија основните прашања за човековите права на спортистите и актуелната состојба во спортот. Преку интерактивни сесии, тие се запознаа со родовите улоги, стереотипите и дискриминаторските практики, а работеа и на креирање акциски планови за унапредување на родовата еднаквост во своето непосредно опкружување.

Сите учесници предложија повеќе мерки за подобрување на состојбата, како што се: воведување квоти за родова застапеност во телата за управување на спортските федерации, кампањи за поттикнување на интересот кај девојчињата и жените за активно учество во спортот, обезбедување еднаков пристап и услови до спортските ресурси и лиги за сите.

- „Кога ќе правам презентација, односно упис на нови членови ќе информирам дека секое запишано девојче во клубот ќе ја добие прва членарина бесплатно, а ќе добие и клупска маица“;
- „Како член на Управниот одбор и потпретседател на училишниот спорт ќе давам предлози за носење одлуки за еднаков пристап и можности до сите ресурси и натпревари за девојчињата и момчињата“;
- „Ќе работам на поголемо насочување на спортистките во жени тренери и лично ќе бидам пример за опкружувањето околу мене и мојата организација, барем да не паѓаме под нивото на родова сензитивност“.

Ова беа дел од размислувањата на учесниците за тоа како ќе го применат стекнатото знаење.

Родовата еднаквост во спортот е основно човеково право и обврска за сите нас и затоа заедничкиот ангажман на институциите, спортските организации и целото општеството е клучен за надминување на долгогодишните предрасуди и дискриминација со која се соочуваат спортистките.

Наша цел е спортот да стане симбол на еднаквост и инклузивност, градејќи основа за поправедно општество.

# Партнерства, односи со јавност и поддршка

## Соработка

Во 2024 година, соработката со домашните и странските граѓански организации, министерства и државни институции беше реализирана во рамки на редовните програми на МЦМС.

Претставници на МЦМС учествуваа на неколку консултативни сесии организирани од Владата и министерствата, а претставници на Владата учествуваа на настаните на МЦМС. Имаше соработката и со општините.

## Поддршка – Одржлив МЦМС

### Пристап кон извори на финансирање

Во 2024 година беа подготвени и поднесени шест пријави за проекти (грантови), а МЦМС е водечка организација во две од нив.

Во истиот период, одобрена е една пријава за грант, а останатите пет се одбиени. Добиен е негативен одговор за една апликација доставена во 2023 г.

### Волонтерство

Во текот на 2024 година тројца волонтери беа вклучени во работата на МЦМС.

### Односи со јавноста

МЦМС редовно информира за своите активности преку повеќе комуникациски канали. Во 2024 година беа издадени 12 броја на е-билтенот на МЦМС.

Подготвен е и објавен Годишниот извештај за работата во 2023 година, а веб-страната на МЦМС е целосно функционална и постојано се ажурира.

Дел од содржините се публикуваат и на други социјални медиуми овозможувајќи на тој начин што е можно поголема видливост на работењето на МЦМС.

Во 2024 г. веб-страната имала 46.422 посети во кои посетителите прегледале 80.561 статии.

МЦМС редовно комуницираше со медиумите преку прес соопштенија, директни контакти на презентации и промоции. Контактите резултираа со 153 објави.

# Организација

## Совет на МЦМС

Советот на МЦМС одржа една седници на која беше усвоен Годишниот извештај за работата на МЦМС за 2023 година со Финансиски извештај и Извештај од независниот ревизор.

- Благица Петрески (Фајнанс Тинк)
- Виктор Арнаудоски (ЗЕЛС)
- Герман Филков (ЦГК)
- Данела Арсовска (ССК)
- Дејан Страчковски (МПЦ)
- Драган Секуловски (ЗНМ)
- Елена Кочоска (Полио плус)
- Ирсал Јакупи (ИВЗ)
- Лулзим Хазири (АДИ)
- Марија Ацковски (ЕМЦ)
- Марко Трошановски (ИДСЦС)
- Назим Рашиди (Диверзити медиа)
- Никица Кусиникова (Конект)
- Никица Мојсоска Блажевски (Македонија 2025)
- Самет Скендери (ИнСок)
- Сања Васиќ (МИМ)
- Сашо Клековски (приватен сектор)
- Тетјана Лазаревска (МРФП)
- Томе Христоски (општина Крушево)

## Управен одбор

Управниот одбор одржа пет седници.

- Елена Кочоска, претседавач на УО, и членка на Управниот одбор на Европската мрежа за независно живеење (ENIL)
- Назим Рашиди, заменик-претседавач на УО, уредник во Алсат М телевизија и претседател на здружението „Диверзити медиа“
- Самет Скендери, член на Иницијативата за социјални промени (ИнСоК)
- Насер Селмани, поранешен претседател на Здружението на новинарите на Македонија, новинар
- Неда Милевска Костова, директор на Институтот за социјални иновации Студиорум од Скопје и виш научен соработник
- Бобан Митевски, поранешен Шеф на Кабинетот на Архиепископот на Македонската православна црква
- Сања Васиќ, член на МИМ, уредник во Радио Слободна Европа

# Персонал – Извршна канцеларија

На крајот на 2024 г. во МЦМС работеа 27 соработници. Повеќе од половина од вработените (17) имаат засновано работен однос на неопределено време. Сите соработници се со високо образование (26), од кои 13 се магистри.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

**ДИРЕКТОР**

- Александар Кржаловски
  akr@mcms.mk

**ГРУПА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО**

- Валентина Величковска
  vat@mcms.mk
- Валентина Чичева
  vch@mcms.mk
- Дарко Димов
  ddm@mcms.mk
- Наташа Сердаревиќ
  nsr@mcms.mk
- Сара Мустафа (до јуни)
- Борис Ристовски
  brs@mcms.mk
- Блинера Рецепи
  brd@mcms.mk
- Кристина Богеска
  kbg@mcms.mk
- Даниел Станоески
  dst@mcms.mk
- Никола Клековски
  nkl@mcms.mk
- Александра Сипковска
  asp@mcms.mk
- Паола Лесиќ
  pls@mcms.mk
- Каролина Ѓурковска (од јуни)
  kgj@mcms.mk
- Игор Ордев (од ноември)
  ior@mcms.mk

**ГРУПА ЗА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ**

- Јасмина Ристовска
  jrs@mcms.mk
- Снежана Камиловска Трповска
  skt@mcms.mk
- Александра Савевска
  asv@mcms.mk
- Наташа Димова (до август)
- Јасмина Чаушоска
  jch@mcms.mk
- Фанија Ивановска
  fiv@mcms.mk
- Јелмаз Дервиши
  jdr@mcms.mk
- Флоријан Мехмети
  fmh@mcms.mk
- Теа Цветановска
  tcv@mcms.mk

**ГРУПА ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И КОХЕЗИЈА**

- Гонце Јаковлеска
  gjk@mcms.mk
- Горан Стаматоски (до декември)
- Сумеје Селам (од ноември)
  ssl@mcms.mk

**АДМИНИСТРАТИВНА ГРУПА**

- Милка Божиновска Миова
  mmv@mcms.mk
- Адис Рахиќ
  arh@mcms.mk
- Борче Јакимовски
  bjk@mcms.mk
- Данило Митов (до септември)

# Независно ревизорско мислење

Audit & Business Advisory

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Организацијата „Македонски центар за меѓународна соработка", (во понатамошниот текст Организацијата), составени од Биланс на состојба на ден 31 декември 2024 година, Биланс на приходи и расходи, Извештај за промените во деловниот фонд и Извештај за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија . Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, било поради измама или грешка.

При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислање за ефективноста на внатрешна контрола на Организацијата.

Ревизија, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено, се достатни и соодветни за да изразиме ревизорско мислење.

***Мислење***

Наше мислење е дека, финансиските извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Македонски центар за меѓународна соработка на ден 31 декември 2024 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените страндарди кои се прифатени и се применуваат во Република Северна Македонија.

***Останати прашања***

Финансиските извештаи на Организацијата со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2023 година се ревидирани од друг ревизор, кој во својот извештај од 19 Март 2024 година изразил мислење без резерва за тие финансиски извештаи.

А&БА Гроуп дооел, Скопје

Овластен ревизор | Управител
Дарко Калин | Дарко Калин

24.03.2025

# Финансиски извештај

| ПРИХОДИ | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| ДОНАЦИИ И ГРАНТОВИ | | |
| Европска унија | 18.489 | 20.636 |
| Швајцарска агенц. за разв. и сораб. | 67.377 | 82.491 |
| УСАИД | 67.192 | 29.169 |
| ГЦЕРФ | 12.525 | 10.169 |
| Други донатори | 1.575 | 3.108 |
| **Вкупно донации и грантови** | **167.159** | **145.572** |
| СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ | | |
| Мак. развојна фонд. за претпријатија | 1.434 | 1.463 |
| НИРАС (Цивика мобилитас) | 0 | 12.952 |
| Граѓански ресурсен центар | 4.983 | 5.177 |
| Други сопствени приходи | 354 | 377 |
| **Вкупно сопствени приходи** | **6.771** | **15.228** |
| Камати и позитивни курсни разлики | 1.734 | 1.645 |
| **Вонредни приходи** | **88** | **537** |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **175.751** | **162.982** |

| РАСХОДИ | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| ДОБРОТВОРНИ РАСХОДИ | | |
| Цивика мобилитас (ПЦМ) | 58.009 | 72.668 |
| Граѓаните против корупцијата (ГПК) | 52.502 | 20.909 |
| Анти-дискр. превенц. и промоц. (АПП) | 0 | 3.635 |
| Регионална мрежа за антикорупција | 11.089 | 12.233 |
| Ресоцијал. и реинтегр. на повратници | 9.882 | 8.158 |
| Родова еднаквост во спортот (РЕС) | 997 | 0 |
| Социјална инклузија и кохезија (СИК) | 743 | 2.167 |
| Граѓански ресурсен центар (ГРЦ) | 0 | 0 |
| Трошоци за завршени проекти | 5.729 | 1.824 |
| **Вкупно добротворни расходи** | **138.951** | **121.593** |
| **Вкупно оперативни расходи** | 36.287 | 39.035 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **175.238** | **160.628** |
| БИЛАНС пред оданочување | 513 | 2.354 |
| Данок на вишок на прих. над расходи | 0 | 50 |
| **БИЛАНС** | **513** | **2.304** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| СРЕДСТВА | | |
| **Постојани средства** | | |
| Основни средства | 2.951 | 3.489 |
| Нематеријални вложувања | 1.580 | 1.580 |
| Долгорочни кредити, депозити и заеми | 66.505 | 70.409 |
| Фонд за домување | 2.400 | 2.400 |
| **Вкупно постојани средства** | **73.436** | **77.878** |
| **Обртни средства** | | |
| Парични средства | 62.903 | 34.780 |
| Аванси | 114 | 48 |
| Побарувања од купувачите | 354 | 1.297 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 14.041 | 9.475 |
| Останати побарувања | 12.360 | 12.644 |
| **Вкупно обртни средства** | **89.772** | **58.245** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **163.208** | **136.122** |
| ОБВРСКИ И ФОНДОВИ | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.662 | 261 |
| Други краткорочни обврски | 1.318 | 465 |
| **Вкупно обврски** | **62.298** | **35.726** |
| ФОНДОВИ И РЕЗЕРВИ | | |
| Фондови | 100.397 | 98.093 |
| Разлика прих/расх во тековен период | 513 | 2.304 |
| **Вкупно фондови и резерви** | **100.910** | **100.397** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ и ФОНДОВИ** | **163.208** | **136.122** |

МЦМС


**ИЗДАВАЧ**
Македонски центар за
меѓународна соработка

**АДРЕСА НА ИЗДАВАЧОТ**
ул. „Никола Парапунов“ 41а
п. фах 55, 1060 Скопје
Северна Македонија

**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**
mcms@mcms.mk
www.mcms.mk
facebook.com/mcms.mk

**ДИРЕКТОР**
Александар Кржаловски

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
Гонце Јаковлеска

**ФОТОГРАФИИ**
Фотоархива на МЦМС

**ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН**
Борис Ристовски